О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

19 Септември 2016 година    Гевгелија    Број 9    Година XXXIX

Врз основа на член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр. 25/06 и 08/10 год.), а во врска со член 19 став 2 точка 2 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09,97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.09.2016 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за давање согласност на Дополнувањето на програмата за работни активности на ЈПКД"Комуналец" Гевгелија за 2016 година**

**Член 1**

Се дава согласност на Дополнувањето на програмата за работни активности за ЈПКД Комуналец-Гевгелија за 2016 година, усвоено од Управниот одбор на Јавното претпријатие под бр.02-989/4 од 03.08.2016 година.

**Член 2**

Програмата за работни активности на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2016г. се дополнува во наслов 2: "Сектор за комунална хигиена, градски гробишта, пазар, механичка работилница и одржување спортски терени и објекти", со поднаслов 2.6. "Реконструкција на улици во општина Гевгелија".

**Член 3**

Примерок од ова Решение да се достави до ЈКПД "Комуналец"-Гевгелија.

**Член 4**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2098/1
16.09.2016 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09,97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр. 25/06 и 08/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.09.2016 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за давање согласност на Финансискиот извештај за периодот 01.01.2016-30.06.2016 година при ЈПКД"Комуналец" Гевгелија**

1.Се дава согласност на Финансискиот извештај за периодот 01.01.2016-30.06.2016 г. при ЈПКД"Комуналец" Гевгелија, усвоен од Управниот одбор на Јавното претпријатие со одлука бр.02-1086/2 од 31.08.2016 година.

2.Решението ќе се достави до ЈПКД "Комуналец" Гевгелија.
3.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2099/1 Претседател
16.09.2016 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 34 од Законот за основното одделение ("Службен весник на РМ" бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10 18/11, 51/11, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16 година), член 7 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта (бр.10-404/1 од 01.11.2010 година од Министерството за образование и наука) и член 38 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 година), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.09.2016 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Со ова Решение се дава позитивно мислење на Годишната програма за реализација на ученички екскурзии и други слободни активности со учениците од 3-то, 6-то и 9-то одделение при ООУ "Ристо Шуклев"- Негорци, којашто ќе се реализира во учебната 2016/2017 година.
2. Програмата е во согласност со Годишната програма за работа на ООУ "Ристо Шуклев"- Негорци.
3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2100/1 Претседател
16.09.2016 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 23 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15 и 31/16), како и врз основа на член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10,), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 16.09.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување надоместок за надворешни членови на Комисијата за урбанизам во општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот на надворешните членови во составот на Комисијата за урбанизам во општина Гевгелија.

**Член 2**

Двата надворешни члена на Комисијата се овластени за постапување по поднесена иницијатива од физички и правни лица; за изработка на планска програма за урбанистички планови и ЛУПД за потребите на општината; давање предлог за одоборување или неодобрување на планската програма за ЛУПД за потребите на правните и физичките лица; давање стручно мислење за нацртите на урбанистичките планови; давање предлози за одобрување на ЛУПД, и давање мислења за техничка исправка на урбанистичките планови.

**Член 3**

На надворешните членови на Комисијата од член 1 на оваа Одлука им се исплаќа следниот надоместок:

- За постапување по поднесена иницијатива за изработка на урбанистички планови - 1000 денари (за целосно спроведена постапка),
- За учество во изработка на планска програма за урбанистички планови и плански документации до 10 хектари - 3000 денари (за целосно спроведена постапка),
- За учество во изработка на планска програма за урбанистички планови и плански документации над 10 хектари - 5000 денари (за целосно спроведена постапка).

**Член 4**

Средствата за надоместокот за членовите на оваа Комисија ќе се обезбедат од Буџетот на општина Гевгелија.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2101/1
16.09.2016 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14 и 115/14), член 2 став 1 алинеја 5 од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14г.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 16.09.2016 год., донесе

## О Д Л У К А
## За утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.757 и КП бр.758 КО Давидово

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на урбанистичко планска документација (УП за с.Давидово), со која ќе се врши вклопување на изграден индивидуален станбен објект на КП бр.757 и 758 КО Давидово, во класа на намена А1-домување.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија. "

Бр.09-2102/1 Претседател
16.09.2016 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 50 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.05/02), во врска со член 67-а од Законот за користење и располагање со ствари во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.59/05, 180/15 и 15/16 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.01.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За оттуѓување на недвижен имот-деловни простории со предбележено право на градење на новото Градско пазариште, сопственост на општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува потреба за оттуѓување на недвижен имот-деловни простории со предбележено право на градење на новото градско пазариште, сопственост на општина Гевгелија.

**Член 2**

Деловните простории со предбележено право на градење на новото градско пазариште, сопственост на општина Гевгелија, се со поединечна функционална површина од 24 м2, и истите се наоѓаат на КП бр.2964/2, запишани во листот за предбележување на градба бр.102462 КО Гевгелија, издаден од Агенцијата за катастар за недвижности во Гевгелија под бр.1105-8374/2016 од 09.09.2016 година.

**Член 3**

Оттуѓувањето на овие објекти ќе се одвива според Постапката за продажба на недвижни ствари со електронско јавно наддавање, согласно членовите 22-29 од Законот за користење и располагање со ствари во државна сопственост и ствари во општинска сопственост( "Сл.Весник на РМ" бр.59/05, 180/15 и 15/16 год.).

Почетната цена за оттуѓување на деловните простории ќе изнесува вкупната почетна вредност на деловниот простор, утврдена со записник од овластен проценител за утврдување на вредност на недвижен имот.

**Член 4**

По завршувањето на постапката за оттуѓување, со најповолниот понудувач во рок од 15 дена ќе се склучи Преддоговор во кој се утврдуваат условите, начинот и роковите за плаќање на цената постигната на јавното наддавање, како и роковите за склучување на Договор за оттуѓување по запишувањето на правото на сопственост на недвижната ствар за која било предбележано правото на градба.

Предговорот и Договорот од име на општината се обврзува да го потпише Градоначалникот на општина Гевгелија, по усвојувањето на Одлуката од Советот на општина Гевгелија и по спроведувањето на постапката за електронско јавно наддавање за избор на најповолен понудувач.

**Член 5**

Потенцијалниот оттуѓувач од членот 3 на оваа одлука ќе се обврзе да стопанисува со горе спомена тиот објект заради вршење на неговата основна дејност – давање на занаетчиски, трговски и угостителски услуги.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-2103/1
16.09.2016 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 44, а во врска со член 14 став 1 точка 4 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 година), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 16.09.2016 година, донесе

## О Д Л У К А
## за стопанисување со јавните паркиралишта во општина Гевгелија

### *Општи одредби*

**Член 1**

Со оваа одлука се определуваат јавни паркиралишта и површини од значење за општина Гевгелија за јавна употреба за паркирање на возила (во натамошниот текст: јавни паркиралишта) и се уредува начинот на користење и одржување на јавните паркиралишта, надзорот над паркирањето и други прашања од значење за паркирањето.

**Член 2**

Јавните паркиралишта се користат од страна на физички или правни лица (во понатамошниот текст: корисници) за паркирање на патнички моторни возила и мотоцикли.

Како корисник на паркиралиштето, во смисла на оваа одлука, се смета возачот или сопственикот на возилото доколку возачот не е идентификуван.

**Член 3**

Изградбата, одржувањето и користењето на јавни паркиралишта од значење за општина Гевгелија се во надлежност на општина Гевгелија.

Работите од став 1 на овој член можат да ги вршат субјекти овластени од општина Гевгелија (во натамошниот текст: организатори на паркирањето), во согласност со закон и оваа одлука.

**Член 4**

Одредбите на оваа одлука не се однесуваат на површини наменети за паркирање (паркиралишта) во функција на редовна некомерцијална употреба на станбени и деловни објекти и изградени-уредени во рамките на градежна парцела или градба што се во приватна сопственост, во согласност со урбанистичките планови и документација.

На паркиралиштата од став 1 на овој член, не е дозволено вршење на дејноста паркирање во комерцијални цели.

По исклучок, паркиралиштата од став 1 на овој член, може да се користат и стопанисуваат во комерцијални цели, при што субјектот што ги дава услугите на паркирањето мора да има дозвола од општина Гевгелија за вршење на дејноста паркирање.

***Јавни паркиралишта од значење за општина Гевгелија***

**Член 5**

Јавни паркиралишта од значење за општина Гевгелија, во смисла на одредбите на оваа одлука, се посебно уредени и обележани простори наменети за групно паркирање на определен вид на возила, и тоа:

- во рамки на површини или градби, утврдени за таква намена и дефинирани со урбанистички план,
- на самите магистрални и собирни улици (коловоз, тротоар, заштитен појас), како и на улици што гравитираат кон нив или надвор од површините опфатени со тие улици, утврдени и дефинирани со посебни проекти одобрени од Советот на општина Гевгелија.

Јавни паркиралишта од значење за општина Гевгелија во смисла на одредбите на оваа одлука, се и посебно уредени и обележани простори на градежно неизградено земјиште, наменети за паркирање, од времен карактер, изградени од општина Гевгелија врз основа на посебни проекти одобрени од Советот на општина Гевгелија, до реализација на намената на земјиштето согласно урбанистички план.

***Организатори на паркирањето***

**Член 6**

Дејноста паркирање на јавните паркиралишта од членот 5 на оваа одлука, вклучувајќи ги изградбата, одржувањето и користењето на јавните паркиралишта, како и техничките и организациските работи, наплатата и надзорот над паркирањето на возилата и останатите работи на јавните паркиралишта, ја врши Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" – Гевгелија (во натамошниот текст: ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија)
.

**Член 7**

Општина Гевгелија може да одлучи одредени јавни паркиралишта од членот 5 на оваа одлука и вршењето на дејноста паркирање на површината на истите да ги даде на други субјекти под концесија или јавно приватно партнерство, во согласност со соодветните прописи.

**Член 8**

Во случај на користење, одржување и стопанисување со паркиралиште врз основа на Одлука на Советот на општина Гевгелија, односите помеѓу општина Гевгелија и организаторот на паркирањето се уредуваат со договор.

Со договорот од став 1 на овој член се уредува особено предметот, начинот, условите и рокот за отпочнување на вршење на дејноста паркирање, критериумите и параметрите со кои ќе се дефинира соодветното вршење на дејноста, односно обврска за соодветно и квалитетно давање на услугата; висината на надоместокот за давање на дозволата, цената на услугата (или клаузула за ограничување, односно дека висината на цената не смее да го надмине износот потребен за покривање на трошоците плус разумна добивка), системот на наплата, уплатата на комуналната такса, работното време, организацијата на службата за контрола, комуналната опрема, сообраќајната сигнализација, хортикултурното уредување и одржување, осветлувањето, одржувањето на комуналната хигиена, причини за раскинување, времетраење на договорот и др.

Договорот од став 1 на овој член кој не е склучен во писмена форма и заверен на нотар нема правно дејство.

**Член 9**

Во име на општина Гевгелија, договорот го склучува градоначалникот на општина Гевгелија.

**Член 10**

Дозволата може да се одземе ако

- организаторот на паркирањето не започне со непосредно вршење на дејноста во рокот утврден во договорот;
- престанала потребата од вршењето на дејноста;
- организаторот на паркирањето престанал да ги исполнува условите за вршење на дејноста.

Дозволата престанува да важи со:

- истекување на рокот на важење на дозволата;
- одземање на дозволата;
- престанување на важењето на договорот
- со пренамена на парцелата.

**Член 11**

Договорот престанува да важи во случај на:

- истекување на рокот на важење на договорот;
- еднострано раскинување од страна на општина Гевгелија.
- престанување на важењето на дозволата;
- виша сила;
- раскинување.

Договорот еднострано ќе се раскине од страна на општина Гевгелија особено ако организаторот на паркирањето дејноста ја врши на несоодветен или неквалитетен начин, имајќи ги во предвид правилата, критериумите, параметрите и другите услови со кои е утврдено соодветното вршење на дејноста и ако изврши битна повреда на одредбите од договорот или на прописите кои се применуваат за вршењето на дејноста.

***Означување и обележување на јавните паркиралишта***

**Член 12**

Организаторот на паркирањето е должен да ги означи, обележи, уреди и одржува јавните паркиралишта на кои паркирањето се наплатува.

Јавните паркиралишта мораат да бидат означени и обележани со сообраќајна сигнализација во согласност со прописите за безбедност во сообраќајот.

Јавните паркиралишта мораат да имаат ознака за името на паркиралиштето, категоријата на возила за кои е наменето паркиралиштето, работното време на паркиралиштето, начинот на паркирање, системот на наплата за паркирање и висина на цената на услугата за паркирање според единица час/паркирање.

***Користење на јавните паркиралишта***

**Член 13**

Јавните паркиралишта мора да се користат на начин со кој се обезбедува безбедно и економично групно стационирање на повеќе возила од определен вид, така што за секое возило да има паркинг место и независен, безбеден и прегледен сообраќаен пристап.

Користењето на јавните паркиралишта мора да биде во согласност со предвидениот режим утврден со хоризонтална и вертикална сигнализација.

**Член 14**

На јавните паркиралишта, во зависност од потребите и условите за паркирање, условите и фреквенцијата на сообраќајот, паркирањето може временски да биде ограничено.

**Член 15**

Начинот и условите за паркирање, времетраењето на паркирањето, односно неговото ограничување, како и начинот на означувањето на ограничувањето, ги утврдува организаторот на паркирањето, во согласност со Советот на општина Гевгелија.

**Член 16**

Со паркирање на возилото на јавно паркиралиште, се смета дека возачот односно сопственикот на возилото се согласил и ги прифатил условите за користење на јавното паркиралиште пропишани со оваа одлука или од страна на организаторот на паркирањето.

**Член 17**

На јавните паркиралишта може да се поставуваат рекламни објекти во согласност со сообраќајно-технички елаборат поднесен од организаторот на паркирањето, а по претходно извршена заверка на истиот и добиена согласност за поставување на рекламните објекти од страна на градоначалникот на општина Гевгелија.

За поставување на рекламни објекти во смисла на став 1 на овој член, организаторот на паркирањето и сопственикот на рекламниот објект склучуваат договор. Еден примерок од договорот задолжително се доставува до одделение за комунални работи и локални патишта во општина Гевгелија.

За поставување на рекламни објекти на јавните паркиралишта, организаторот на паркирањето е должен на општина Гевгелија да и плати комунална такса, во висина утврдена во Одлуката за висина на комуналните такси во општина Гевгелија..

**Член 18**

Јавните паркиралишта, во исклучителни случаи, со претходно одобрение од градоначалникот на општина Гевгелија, можат привремено да се користат за организирање и одржување на забавни, спортски и други манифестации, за што организаторот на паркирањето и организаторот на манифестацијата склучуваат договор. Еден примерок од договорот задолжително се доставува до одделението за комунални работи и локални патишта во општина Гевгелија.

За користење на јавните паркиралишта во смисла на став 1 на овој член, организаторот на паркирањето е должен на општина Гевгелија да и плати комунална такса, во висина утврдена во Одлуката за висина на комуналните такси во општина Гевгелија.

**Член 19**

Организаторот на паркирањето нема обврска за чување на паркираното возило и не одговара за оштетување или крадење на возилото.

***Наплата на услугата на паркирање***

**Член 20**

За користење на јавните паркиралишта корисникот е должен да плати соодветен паричен износ на име цена на услуга за паркирање.

Организаторот на паркирањето од членовите 6, 7 и 8 на оваа одлука донесува Ценовник на услугите за користење на јавните паркиралишта, со претходна согласност на Советот на општина Гевгелија .

**Член 21**

За користење на јавните паркиралишта организаторот на паркирањето плаќа комунална такса согласно Одлуката за висина на комуналните такси во општина Гевгелија, донесена од страна на Советот на општина Гевгелија.

Средствата по основ на комунална такса, организаторот на паркирањето е должен да ги уплаќа на општина Гевгелија наредниот ден по нивната наплата.

**Член 22**

Организаторот на паркирањето го определува системот на наплатата и ги уредува сите други прашања поврзани со наплатата на паркирањето на јавните паркиралишта.

**Член 23**

Ако корисникот на паркиралиштето не го изврши плаќањето (цена на паркирање, доплатен билет, други трошоци) на начин согласно оваа одлука, односно актот на организаторот на паркирањето, ќе се смета дека паркирањето е непрописно и овластено лице на организаторот на паркирањето може да побара блокирање на тркалата (лисици, блокатори на тркала) или отстранување на возилото од паркиралиштето.

**Член 24**

Возилата на службата за итна медицинска помош, противпожарните единици, Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и на општина Гевгелија, при извршувањето на нивните редовни работни активности, не плаќаат за користење на услугите на јавните паркиралишта.

***Повластено паркирање***

**Член 25**

За станарите, односно правните лица што имаат живеалиште, односно деловен простор во објекти во границите на чии парцели не е решено паркирањето, може да се утврдат повластени услови за паркирања на нивните возила на јавните паркиралишта што се во непосредна близина, во поглед на бројот на возилата, траењето на паркирањето и цената на услугата и да им се издаде повластен паркирен билет.

Правото на користење на повластен паркирен билет го утврдува организаторот на паркирањето.

***Резервирани места***

**Член 26**

Организаторот на паркирањето, во зависност од капацитетот на паркиралиштето, е должен да утврди и соодветно да обележи (резервира) места за паркирање на возила на лица со инвалидитет.

Организаторот на паркирањето ги утврдува категориите на лица со инвалидитет кои можат да користат резервирани паркинг места и условите за паркирања на нивните возила.

**Член.27**

Во зависност од капацитетот на паркиралиштето, може да се одобри и утврди резервација на места за паркирање на јавното паркиралиште за одреден број возила на правни и физички лица и дипломатските и други странски претставништва.

Бројот на резервираните места од ставот 1 на овој член и условите за нивно користење ги утврдува организаторот на паркирањето, во согласност со одделението за комунални работи и локални патишта во општина Гевгелија.

***Надзор***

**Член 28**

Надзорот над примената на одредбите од оваа одлука и над законитото работење на организаторите на паркирањето, врши одделението за комунални работи и локални патишта.

Работите на инспекциски надзор над примената на оваа одлука и на актите донесени на основа на оваа одлука, како и над вршењето над дејноста паркирање, врши одделението за инспекциски надзор во општина Гевгелија.

**Преодни и завршни одредби**

**Член 29**

Организаторите на паркирањето се должни да го усогласат своето работење со одредбите на оваа одлука во рок од 3 месеци од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Организаторите на паркирањето се должни да ги донесат спроведбените акти согласно оваа одлука во рок од 3 месеци од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

**Член 30**

Оваа одлука влегува на сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Гевгелија”.

Бр.09-2104/1 Претседател
16.09.2016 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драѓи Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 32 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10,), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 16.09.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За поништување на Одлуката за давање на користење и одржување на Градскиот стадион-Фудбалското игралиште во Гевгелија на ФК "Миравци"-Миравци.**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши поништување на Одлуката за давање на користење и одржување на Градскиот стадион-Фудбалското игралиште во Гевгелија на ФК "Миравци"-Миравци, донесена од Советот на општина Гевгелија под бр.07-1273/1 од 02.07.2013 година.

**Член 2**

Поништувањето на оваа Одлука се врши поради неисполнувањето на договорените обврски од страна на втората договорна страна ФК Миравци-Миравци, наведени во Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски во врска со користењето на Градскиот стадион-Фудбалското игралиште во Гевгелија, склучен помеѓу општина Гевгелија и ФК Миравци – Миравци, на ден 30.08.2013 година.

**Член 3:**

Се задолжуваат стручните служби во општина Гевгелија да подготват Договор за едностран раскин на Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски во врска со користењето на Градскиот стадион-Фудбалското игралиште во Гевгелија, со наведување на сите неисполнети обврски од ФК "Миравци"-Миравци.

**Член 4:**

Со денот на донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за давање на користење и одржување на Градскиот стадион-Фудбалското игралиште во Гевгелија на ФК "Миравци"-Миравци, донесена од Советот на општина Гевгелија од 02.07.2013 година.

**Член 5:**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2105/1
16.09.2016 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

**С О Д Р Ж И Н А**

1.Решение за давање согласност на дополнувањето на Програмата за работни активности на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2016 година.

2.Решение за давање согласност на Финансискиот извештај за периодот 01.01.2016-30.06.2016 година при ЈПКД "Комуналец" Гевгелија.

3.Решение за давање позитивно мислење на Годишната програма за реализација на ученички екскурзии и други слободни активности со учениците од 3-то, 6-то и 9-то одделение при ООУ "Ристо Шуклев" Негорци во учебната 2016/2017 година.

4.Одлука за утврдување надоместок за надворешни членови на Комисијата за урбанизам во општина Гевгелија.

5.Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.757 и КП бр.758 КО Давидово.

6.Одлука за оттуѓување на недвижен имот - деловни простории со предбележено право на градење на новото Градско пазариште, сопственост на општина Гевгелија.

7.Одлука за стопанисување со јавните паркиралишта во општина Гевгелија.

8.Одлука за поништување на Одлуката за давање на користење и одржување на Градскиот стадион - Фудбалското игралиште во Гевгелија на ВК "Миравци" Миравци.

**"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба**
**Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за стручно-административни и општи работи и Одделение за правни работи,ул."Димитар Влахов"4 Гевгелија**